Врз основа на член 30 став (5) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 112/14, 129/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНИОТ ДАНОК НА ДОБИВКА ПО ОСНОВ НА ВОВЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ ФИСКАЛЕН СИСТЕМ НА ОПРЕМА, ОДНОСНО ФИСКАЛНА АПАРАТУРА И ИНТЕГРИРАН АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Службен весник на РМ, бр. 66 од 5.04.2016 година**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на добивка по основ на воведување и користење фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување.

**Член 2**

Барањето за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на добивка по основ на воведување и користење фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување, се поднесува на образец „ДД- 07" изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.
Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на добивка по основ на воведување и користење фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување („Службен весник на Република Македонија" бр. 174/14).

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/16).

Бр. 20-2380/1
31 март 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р Зоран Ставрески, с.р.